| Врз основа на чл. 353 ст.1 т.1, член 358, член 383 ст.1 т.2, член 384 ст.2 и член 490 од Законот за трговски друштва и чл. 34 и чл. 44 т. 14 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје (Компанијата), Одборот на Директори без одржување на седница на ден 28.04.2025 година донесе<br><br>**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**<br>За распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за финансиската 2024 година<br><br>**Член 1**<br>Цементарница УСЈЕ АД Скопје оствари добивка за финансиската 2024 година во износ од 1.893.170.693,00 денари.<br><br>- Согласно Одлуката донесена од Одборот на директори бр.02-409 од 11.12.2024 година исплатена е авансна дивиденда од добивката од 2024 во износ од 1.355.336.736 врз основа на одобрените законски финансиски извештаи за 30 септември 2024 година и за периодот од девет месеци којшто завршува тогаш.<br>- Реинвестираната добивка од 2018 година која може да се распредели во 2025 година изнесува 161.772.085 денари.<br>- Неискористената реинвестирана добивка од 2023 година во износ од 107.622.889,00 денари да се распредели за дивиденда за акционерите.<br>- Акумулираната добивка во износ од 15.331.925,00 денари да се распредели за дивиденда за акционерите.<br><br>Вкупниот преостанат износ за распределба на дивиденда на акционерите, изнесува 822.560.856,00 денари односно 1.459,00 денари за една акција.<br><br>**Член 2**<br>Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2024 година е 16.06.2025 година. | Pursuant to Article 353 par. 1 item 1, Article 358, Article 383 par.1 item 2, Article 384 par. 2 and article 490 of the Trade Companies' Law and Articles 34 and 44 item 14 of the Statute of Cementarnica Usje AD Skopje (the Company), the Board of Directors without holding a session on 28.04.2025 adopted the following<br><br>**DRAFT DECISION**<br>For profit distribution generated according to the Annual account and Financial Statements for the financial year 2024<br><br>**Article 1**<br>The Company made profit for the financial year 2024 in the amount of MKD 1,893,170,693.<br><br>- In accordance the Decision adopted by the Board of Directors no.02-409 dated 11.12.2024 the advanced dividend from 2024 profit has been paid in amount of MKD 1,355,336,736 based on the approved statutory financial statements as of September 2024 and for the nine months period than ended.<br><br>- The reinvested profit from 2018 available for distribution in 2025 is in the amount of MKD 161,772,085.<br>- The unused reinvested profit from 2023 in amount of MKD 107,622,889 to be distributed as a dividend to shareholders.<br><br>- Accumulated profit in amount of MKD 15,331,925 to be distributed as a dividend to shareholders<br><br>The total amount of shareholders' dividend for distribution, is in amount of MKD 822,560,856 i.e., MKD 1,459 per share.<br><br>**Article 2**<br>The last day to dividend trading right for the year 2024 shall be 16.06.2025. |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2024 година е 17.06.2025 година.<br><br>Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 18.06.2025 година.<br><br>Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2025 година.<br><br>**Член 3**<br>Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.<br><br>**Член 4**<br>Предлог Одлуката за распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за финансиската 2024 година да се достави до Собранието на акционери заради донесување.<br><br>Д.Н.<br>- *Архива*<br>- *Сектор за финансии*<br>- *Правна служба* | The first day for trading without the right to dividend for the year 2024 shall be 17.06.2025.<br><br>The registry date based on which the list of dividend-entitled shareholders is distributed is 18.06.2025.<br><br>The payment of the dividend shall be carried out until 30.09.2025 at the latest.<br><br>**Article 3**<br>This Decision comes into force on the day of its adoption.<br><br>**Article 4**<br>The draft decision for profit distribution according to the Annual account and Financial Statements for the financial year 2024 is to be sent to the Shareholders Assembly for its adoption.<br><br>To be sent to:<br>- *Archive*<br>- *Finance department*<br>- *Legal Section* |
| **Одбор на директори/Board of Directors**<br>**Претседател/President**<br>Марио Брачи / Mario Bracci<br>___________________________ | |